02-1041/2
01-08-25

Врз основа на член 17 и член 21 став (9) од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/2024, 224/2024 и 3/2025), Годишниот финансиски план (бр.02-91/2 од 29.01.2025г.) и Програмата за кофинансирање на обуки на кандидати за стекнување на дозволи за приватни пилоти (бр.02-514/3 од 23.05.2025г. и 02-1041/1 од 01.08.2025г.), Агенцијата за цивилно воздухопловство распишува

# ЈАВЕН ПОВИК бр.2

## За кофинансирање на обуки на кандидати за стекнување на дозволи од областа на летачките операции

## I. ПРЕДМЕТ

Предмет на Јавниот повик е кофинансирање на обуки на кандидати за стекнување дозволи од областа на летачките операции со учество на Агенцијата од 50% во финансирање на трошоците и тоа за:

1. Приватен пилот на авион PPL-A SEP land
2. Пилот на едрилици по програма со аерозапрега (SPL),
3. Пилот на ултралесни воздухоплови (ULPL),

## II. ПРАВО НА УЧЕСТВО

На Јавниот повик за кофинансирање на обуки на кандидати за стекнување на дозволи за приватни пилоти, може да се пријават кандидати кои ги исполнуваат следните услови:

- Да се државјани на Република Северна Македонија;
- Да имаат завршено 4 годишно средно образование;
- Да се на возраст од 18 до 30 години на денот на објавување на повикот;
- Познавање на англиски јазик минимум ниво Б2;
- Да се психофизички способни (лекарското уверение ќе се достави само од избраните кандидати пред склучување на Договорот);

- Успешно положен тест по математика и физика (Договори за кофинансирање на обуки за стекнување дозволи ќе се склучат со кандидатите кои се највисоко рангирани за секој вид на обука одделно);
- Нотарски заверена Изјава од кандидатот за подготвеност за доплаќање на разликата до целокупниот износ на чинење на обуката за стекнување со дозвола.
- Избраните кандидати по Јавниот повик објавен на 1 јули 2025 година не може да аплицираат повторно по овој Јавен повик.

## III. ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ, НАЧИН И МЕСТО НА ДОСТАВУВАЊЕ:

Кандидатите ги доставуваат до Архивата на Агенцијата за цивилно воздухопловство на ул.Даме Груев бр.1 во Скопје или по пошта, следните документи:

- Пријава за видот на обуката, односно дозволата што треба да се стекне, со мотивационо писмо (на однапред изготвен Образец објавен на веб страната на Агенцијата www.caa.gov.mk);
- Доказ за државјанство на РСМ (КО од Уверение за државјанство);
- Доказ за возраста на кандидатот за минимум 18 и максимум 30 години (КО од Извод од матична книга на родени или КО од лична карта или КО од патна исправа);
- Доказ за познавање на англиски јазик ниво Б2;
- Доказ за завршено 4 годишно средно образование;
- Нотарски заверена Изјава од кандидатот за подготвеност за плаќање на 50% од трошоците за обука за дозволата за која кандидатот се пријавува (на однапред изготвен Образец објавен на веб страната на Агенцијата www.caa.gov.mk);

*Напомена:*

Воздухопловно лекарско уверение со соодветната класа на здравствена способност за дозволата за која се пријавил кандидатот ќе доставаат само избраните кандидати пред склучување на Договорот и ќе биде на трошок на кандидатот;

## IV. ЦЕНА НА ОБУКИТЕ

| Вид на дозвола | Просечна цена по поединечна обука | Субвенција од Агенцијата во износ од 50% од цената на обуката, но не повеќе од: | Максимален број на кандидати до искористување на средствата |
|---|---|---|---|
| PPL-A SEP land (дозвола за приватен пилот на авион) | 8250 € | 4200 € | 2 |
| SPL (дозвола за пилот на едрилица-обука со авиозапрега) | 4000 € | 1800 € | 3 |
| ULPL (дозвола за пилот на ултралесен воздухоплов) | 3833 € | 1750 € | 4 |

## V. ИЗБОР НА КАНДИДАТИ

1. Критериум за избор на кандидатите кои ги исполнуваат условите се резултатите од тестот што ќе го спроведе Агенцијата (математика и физика). Максималниот број на бодови од тестовите по математика и физика изнесува 100, од кои 50 се за математика и 50 за физика.

2. За да бидат рангирани кандидатите треба да имаат освоено минимум вкупно 50 бода (од двата теста по математика и физика), од максималниот број на бодови утврден во точка 1 на ова решение.

3. Тестирањето за двата предмети ќе се одржи во еден ден, а за датата кандидатите ќе бидат известени преку веб страната на Агенцијата, отпечатено Известување на вратата на Агенцијата и телефонски/електронски.
4. Секој тест ќе трае по 1 час и 30 минути со пауза од 30 минути.

За секој вид на дозвола ќе бидат избрани највисоко рангираните кандидати според бројот на бодови од тестот.

## VI. РОК ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ

Рокот за пријавување е *30 дена* од денот на објавувањето со можност да се повтори доколку нема доволен број на пријавени кандидати.

## VII. ОСТАНАТИ ИНФОРМАЦИИ

1. Пријавите кои нема да ја содржат целокупната барана документација ќе бидат отфрлени;
2. Доставените документи на неизбраните кандидати ќе им бидат вратени по завршување на постапката за избор на адресата што е наведена во пријавата на кандидатот;
3. Доколку кандидатот се откаже или Организацијата што ја спроведува обуката процени дека кандидатот нема капацитет да ја заврши обуката, делот што го уплатила Агенцијата ќе и биде вратен од страна на кандидатот, освен во случај кога откажувањето е од здравствени причини кои се докажуваат со лекарска потврда. Во овој случај Организацијата на предлог на Агенцијата склучува нов Договор со првиот нареден кандидат од ранг листата, односно се до исцрпување на планираните средства;
4. Доколку на кандидатот во текот на обуката му се потребни дополнителни часови, трошокот за тие часови паѓа на товар на кандидатот;

5. Доколку некој од кандидатите се откаже пред започнување на обуката договорот се раскинува и се склучува нов договор со првиот нареден кандидат од ранг листата за истиот вид на обука, а уплатените средства Организацијата му ги враќа на кандидатот;
6. Паричниот износ што ќе биде уплатен на Организацијата што ја спроведува обуката ќе се одвива на следниот начин:

- првите 50% од страна на кандидатот (сукцесивно, на два пати по 25%) и
- следните 50% од страна на Агенцијата (сукцесивно, на два пати по 25%).

7. Лицата кои ќе учествуваат во спроведување на постапката задолжително ќе потпишат Изјава за заштита на лични податоци;
8. Вработените во Агенцијата и лицата кои се во нивно сродство по права линија и по странична линија до прв степен, заради спречување на судир на интереси не може да бидат избрани за кофинансирање на обуката;

*Прашања во врска со Јавниот повик може да поставите на info@caa.gov.mk

**АГЕНЦИЈА ЗА ЦИВИЛНО ВОЗДУХОПЛОВСТВО**